# ЗНМ: Кукавички е Груевски да ги инструментализира младите за извршување на валканите работи

3 МАРТ, 2017 ПОЛИТИКА (HTTP://STANDARD.MK/CATEGORY/MAKEDONIJA/POLITIKA/)

(http://www.facebook.com/sharer.php?u=http%3A%2F%2Fstandard.mk%2Fznm-kukavichki-e-gruevski-da-gi-instrumentalizira-mladite-za-izvrshuvanje-na-valkanite-raboti%2F)
(https://twitter.com/intent/tweet?text=%D0%97%D0%9D%D0%9C%3A+%D0%9A%D1%83%D0%BA%D0%B0%D0%B2%D0%B8%D1%87%D0%B...
(https://plus.google.com/share?url=http%3A%2F%2Fstandard.mk%2Fznm-kukavichki-e-gruevski-da-gi-instrumentalizira-mladite-za-izvrshuvanje-na-valkanite-raboti/)

„Здружението на новинарите на Македонија ја осудува кампањата на застрашување и понижување на новинари што последните денови во Скопје ја спроведуваат непознати лица инспирирани од воинствените изјави на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, кој минатата недела ги

повика етничките Македонци преку протести да ја спречат опозицијата да формира влада со партиите на Албанците“, соопштуваат денеска од ЗНМ.

„Кукавички е Груевски да ги инструментализира младите за извршување на валканите работи изложувајќи ги нив и нивните семејства на ризик за неговите политички интереси.

Вчерашната примитивна провокација кон новинарот Борјан Јовановски, кој беше исплукан во ресторан и вознемирувањето во семејниот дом на новинарот Бранко Тричковски, е директен напад врз слободата на изразување.

Предупредуваме дека ваквите провокации можат да есклаираат во физичко насилство врз новинарите со несогледливи последици. Незамисливо е во 21 век во Македонија новинарите да бидат изложени на притисок и малтретирање за јавно искажан став.

Оваа срамна кампања има за цел да ги заплаши и замолчи новинарите и останатите граѓани и сите неистомисленици на власта. Груевски добро знае дека само неинформирани граѓани можат да бидат лесно манипулирани и вовлечени во конфликт.

Го повикуваме Груевски да престане со ширење на говор на омразам што поттикнува насилство и да ги вразуми и смири неговите следбеници. Овој повик се однесува и на сите политичари и јавни личности да се воздржат од ваков воинствен речеником.

Апелираме да сите новинари и медиуми да известуваат професионално и да не долеваат масло на огнот. Само на тој начин ќе помогнат да се смират тензиите“, додаваат од ЗНМ.

**ТАГОВИ** **ВМРО-ДПМНЕ (HTTP://STANDARD.MK/TAG/VMRO-DPMNE/)** **ГРУЕВСКИ (HTTP://STANDARD.MK/TAG/GRUEVSKI/)** **ЗНМ (HTTP://STANDARD.MK/TAG/ZNM/)** **НАПАДИ (HTTP://STANDARD.MK/TAG/NAPADI/)** **НАСИЛСТВО (HTTP://STANDARD.MK/TAG/NASILSTVO/)**